european roma rights centre

Madách tér 4
Hungary – 1074 Budapest
Office Tel: +36 1 413 2200
Office Fax: +36 1 413 2201
E-mail: office@errc.org
www.errc.org

**Г- дин Спиро Ристовски,Министер за Труд и Социјална Политика**
**Г-дин Ариф Селими, Одговорно лице за барања за пристап до информации од јавен карактер**

Будимпешта, 25 Јануари, 2013

**<u>Предмет: Насилство врз Ромите во Прилеп,Центар за социјална работа-Прилеп</u>**

Европскиот центар за правата на Ромите (ЕЦПР),[1] Ви пишува, со цел да ја изрази својата длабока загриженост во однос на насилниот инцидент кој се случил во Прилеп на 31 Декември, 2012 година.

Според добиените информации од различни извори, за време на протест на Роми, пред Центарот за социјална работа во Прилеп(ЦСРП),една жена од ромска националснот заедно со нејзините две деца, била несоодветно третирана од страна на обезбедувањето на ЦСРП, додека се обидувала заедно со другите учесници да влезе во зградата на ЦСРП.[2] Ромите кои протестирале, се собрале поради неисплатена социјална помош пред претстојните божиќни празници и побарале да разговарат со директорката на ЦСРП. Само на неколку учесници од истиот протест им било дозволено да влезат, заразлика од останатите кои беа спречени да влезат, дури до тој степен што обезбедувањето почна да ги турка надолу по скалите до самиот влез на зградата. Во текот на истата несоодветната реакција на обезбедувањето, жена-Ромка во присуство на нејзините две деца, била удрена по главата и стомакот од страна на обезбедувањето. Тоа резултирало со нејзино онесвестување, каде што еден од учесниците во протестот, морал да ја однесе во болница.[3]Медиумите објавија дека нејзините две деца, исто така беа туркани и несоодветно третирани од страна на безбедувањето на ЦСРП.[4]

Особено не загрижува фактот што учесниците на протестот, изјавија дека се малтретирани поради нивната ромска етничка припадност: "... Немаме никакво право ни да се жалиме, ни ништо, каде ќе се жалиме таму ќе бидеме тепани."[5] “Третманот е понижувачки, бидејќи сме Роми ".[6]

---

[1] Европската правата на Ромите Центар (ЕЦПР) е меѓународна организација од јавно правен интерес, која се занимава со низа активности насочени кон борба против анти-ромскиот расизам и злоупотреба на човековите права на Ромите. Пристапот на ЕРРЦ вклучува стратешко парничење, меѓународно застапување, истражување и развој на политики и едукација за човекови права.

[2] Моника Талеска , “Ќотек за Ромите или заштита на вработените и инвентарот?”, Радио Слободна Европа, Скопје на 18ти Јануар, 2013година. Достапно на: http://www.makdenes.org/content/article/24822786.html

[3] Интервју со 29 годишна Ромка и 22 годишен Ром од Прилеп на 31 Декември, 2012 година.

[4] Моника Талеска , “Ќотек за Ромите или заштита на вработените и инвентарот?”, Радио Слободна Европа, Скопје на 18ти Јануар, 2013година. Достапно на: http://www.makdenes.org/content/article/24822786.html

[5] Ibid.

[6] Интервју со 22 годишен Ром од Прилеп на 31 Декември, 2012 година.

ЕЦПР имајќи ги во предвид горенаведените информации, верува дека во истиот инцидент, имало моменти на прекумерна и несразмерна употреба на сила против жената од ромска националност и нејзините две деца , од страна на обезбедувањето на ЦСРП, која истата може да преставува и деградирачки третман, кој како таков е забранет според македонското законодавство. Имено, Уставот на Р.Македонија го гарантира правото на физичкиот и моралниот интегритет и забранува било каков облик на нечовечко или понижувачко однесување и казнување(Член11)[7],тоа право е гарантирано исто така и со членот 3 од Европската конвенција за човекови права.Покрај тоа, таквото однесување/постапување не е во согласност и со начелата на Етичкиот кодекс за Јавни службеници[8], како и се разбира можноста да постојат индиции за кривичното дело Мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување (член 142) и/или Малтетирање во вршење на службата(член 143).[9]

Со оглед на сериозноста на истиот инцидент, ЕЦПР врз основа на член 4 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Македонија бр. 13/06; бр.86/08 и бр.6/10),со голема почит кон Вас, бара Вашата канцеларија да ни ги достави следниве информации во писмена форма:

- Дали инспекторите на МТСП извршија контрола на Центарот за социјална работа во Прилеп во врска со овој инцидент како и можностите за употреба на прекумерна сила против Ромите? Кои беа нивните наоди? Ве молимте, доставете ни записник/извештај од инспекторите на МТСП.
- Дали полицијата беше известена за инцидентот?
- Дали члeновите на обезбедувањето се сметаат за вработени во ЦСРП(јавни службеници) или се сметаат за вработени од приватна фирма која нуди услуги/го обезбедува објектот?
- Дали беа превземени било какви дисциплински мерки против двете членови на обезбедувањето кои беа инволвирани во инцидентот? Ве молимте доставете ни решение/записник од изречените диciплински мерки против членовите на обезбедувањето од ЦСРП.
- Дали ја земавте во предвид можната расна / етничка мотивација?

Ви благодариме однапред.

Во очекување на Вашиот одговор, на следната е-маил адреса: djordje.jovanovic@errc.org

Срдечен поздрав,

Дезидериу Гергли
Извршен директор
Европски центар за правата на Ромите

[7] Устав на Република Македонија, 17ти Ноември, 1991 година, достапно на: http://www.sobranie.mk/en/default-en.asp?ItemID=9F7452BF44EE814B8DB897C1858B71FF
[8] Етички кодекс за Јавни службеници, 30 Септември 2011, достапно на : http://www.mioa.gov.mk/files/pdf/dokumenti/pravilnik/zjs/Eticki_kodeksi_za_JS_SlVesnik_133_2011.pdf
[9] Кривичниот законик, 06 август 1996 година, достапен на: http://www.pravo.org.mk/documentDetail.php?id=233

**ДО:**

Министерот за труд и социјална политика
Г-дин Ариф Селими, Одговорно лице за барања за пристап до информации од јавен карактер

**CC:**
Делегацијата на ЕУ во Скопје, Делегацијата на ЕУ во Скопје, Раководител на оддел за политички прашања, правда и внатрешни работи; Информации и комуникација,
г-дин Роберт Liddell
Народниот правобранител во Р.Македонија, г-дин Иџет Мемети
Мисијата на ОБСЕ во Скопје, г-ѓа. / г-ца. Мирвете Ислам
Претседател на Комисијата за заштита од дискриминација, г-дин Душко Миновски
Државен инспекторат за труд, г-ѓа. / г-ца. Зорица Џингова